CENTRAL ASIA METALS PLC

Central Asia Metals plc
36 Carnaby Street
London, W1F 7DR
+44 (0)20 7898 9001
info@centralasiametals.com

centralasiametals.com

# Изјава за модерно ропство

Оваа изјава е дадена во согласност со член 54(1) од Законот за модерно ропство на Обединетото Кралство од 2015 година („Законот") и ги утврдува чекорите преземени од страна на Central Asia Metals plc („CAML" или „Компанијата") и нејзините подружници (заедно, „Групацијата") во текот на финансиската година која заврши на 31 декември 2025 година, со цел да се спречи модерното ропство и трговијата со луѓе во нејзиното работење и синџирите на снабдување. Оваа изјава се однесува на CAML и на сите нејзини подружници.

## 1. Организациска структура, работење и синџири на снабдување

CAML е производител на основни метали кој котира на Алтернативниот пазар на инвестиции (AIM) на Лондонската берза, со клучни операции во Казахстан (рудник за бакар Коунрад) и Северна Македонија (рудник за цинк и олово Саса).

Во Казахстан, управуваме со капацитет за лужење (in-situ dump leach) и SX-EW преработувачки капацитет за производство на бакарни катоди; додека во Северна Македонија управуваме со подземен рудник за олово и цинк кој произведува концентрат, кои заедно остварија бруто приход од 229,9 милиони долари во 2025 година.

Како деловен субјект, посветени сме на почитување на човековите права, поточно на борбата против модерното ропство и трговијата со луѓе. Модерното ропство — кое опфаќа ропство, потчинетост, принудна работа и трговија со луѓе — е кршење на човековите права кое постои на глобално ниво. Со над 50 милиони погодени поединци, ја признаваме нашата одговорност да помогнеме во елиминирањето на ваквите злоупотреби.

Работиме со широк спектар од над 1.000 добавувачи на локалните и меѓународните пазари, кои нè снабдуваат со клучни суровини и услуги, како што се гориво, реагенси, експлозиви, опрема, обезбедување, транспорт и логистика. Со глобална работна сила од над 1.000 вработени, имплементираме механизми за управување за справување со ризиците од детска работа, принудна работа и трговија со луѓе, притоа промовирајќи праведни работни услови и плати.

Нашата стратегија за набавки продолжува да им дава приоритет на локалните добавувачи, при што поголемиот дел од набавките во Коунрад се обезбедуваат од Казахстан, а значителен дел во Саса се обезбедува во рамките на Северна Македонија и околниот регион. Во 2025 година, обезбедивме 84% од стоките и услугите за нашата операција Коунрад од Казахстан и 65% од Северна Македонија за нашата операција Саса. Ова придонесува нашите синџири на снабдување да претставуваат генерално низок ризик од модерно ропство во почетните (upstream) фази на синџирот. Сепак, одредени категории добавувачи кои се најблиску до нашето работење (како што се изведувачи во рудникот кои обезбедуваат услуги за обезбедување, логистика и градежништво) подлежат на посеопфатни проверки, обуки и усогласување со нашите политики. Во завршните (downstream) фази, во однос на приближно 90% од нашето производство, работиме со

долгорочен партнер за откуп кој ги споделува нашите етички стандарди, со што дополнително се ублажува ризикот при понатамошната продажба на нашите метали и концентрат.

## 2. Управување и одговорност

Одборот на директори има крајна одговорност за оваа изјава и за обезбедување дека постојат ефективни системи и контроли за ублажување на ризиците од модерно ропство.

Надзорот е поддржан од рамката за управување на CAML, вклучувајќи ги:

- **Комитетот за одржливост**, кој врши надзор над човековите права, етичките практики и ризиците поврзани со одржливоста; и
- **Високото раководство**, како на ниво на Групацијата, така и на ниво на самите рудници, одговорно за имплементација, следење и известување до управните тела на Компанијата.

Управувањето со ризикот од модерно ропство е интегрирано во пошироките рамки за одржливост и управување со ризици на Групацијата, кои подлежат на редовен преглед и известување на ниво на Одборот и Комитетот.

## 3. Политики кои се однесуваат на ропството и трговијата со луѓе

Како одговорна компанија која работи во екстрактивната индустрија, ги препознаваме предизвиците со човековите права кои се присутни во нашиот сектор. CAML одржува збир на политики одобрени од Одборот, кои јавно го поткрепуваат нејзиниот пристап кон човековите права и работните стандарди и сочинуваат дел од пошироката рамка за управување на CAML:

- **Политика за човекови права** (ја нагласува нашата посветеност на етичките работни практики, во согласност со меѓународните стандарди);
- **Политика за луѓе/вработени** (ги поддржува праведните плати и одговорните односи со вработените);
- **Кодекс на однесување** (го поставува стандардот за очекуваното однесување, вклучувајќи праведен и еднаков третман на сите работници); и
- **Политика за укажување / пријавување неправилности** (достапна на локалните јазици и содржи 24/7 анонимна телефонска линија за изразување загриженост).

Овие политики ги одразуваат Водечките принципи на ОН за бизнис и човекови права и стандардите на Меѓународната организација на трудот (МОТ). Тие се применуваат за сите вработени, изведувачи и добавувачи, забранувајќи ги сите форми на принудна работа, детска

работа и трговија со луѓе, со соодветни дисциплински мерки за прекршувањата, кои вклучуваат и прекин на работниот однос. Дополнително, нашиот Кодекс на однесување за добавувачи, заедно со одредбите во нашите обрасци за комерцијални договори, ги утврдуваат соодветните мерки за спроведување во случај на неусогласеност, што може да вклучува и раскинување на договорниот однос.

## 4. Процедури за длабинска анализа и договарање

CAML применува пропорционален пристап заснован на ризик при селекцијата, воведувањето во системот (onboarding), следењето и ангажирањето на добавувачите, со цел да поддржи одговорен и одржлив синџир на снабдување.

На добавувачите им се врши вообичаена длабинска анализа, при што нашите упатства укажуваат на тоа каде може да бидат потребни засилени мерки. Таквите индикатори вклучуваат: географска локација, вид на услуга, интензитет на труд и транспарентност на сопственичките структури. Таму каде што се идентификувани фактори со повисок ризик, дополнителните мерки вклучуваат: засилен преглед на одговорите од прашалниците, ангажман со добавувачите за справување со идентификуваниот ризик и дополнително следење.

Обрасците за комерцијални договори на CAML предвидуваат цврсти стандарди на однесување и вклучуваат прашалник за општествена одговорност во рамките на Кодексот на однесување за добавувачи како предуслов за воведување во системот. Овој прашалник за предквалификација ја проценува усогласеноста со праведните работни стандарди, законите за плати, забраната за детска работа и слободата на здружување, со соодветни упатувања на конвенциите на МОТ. Од новите добавувачи се бара да потпишат изјава со која потврдуваат дека не им е позната ниту една појава на детска или принудна работа во нивното работење. Овој процес осигурува дека вредностите на нашите добавувачи се усогласени со нашите уште од самиот почеток. Кодексот на однесување за добавувачи беше ажуриран во 2025 година (со целосна имплементација во 2026 година) со цел да се поддржи подобро собирање податоци и да се обезбедат информации за понатамошни мерки за длабинска анализа.

Усогласеноста на добавувачите не е ограничена само на воведувањето во системот, туку дополнително се следи преку процесот на обновување на договорите, тековниот ангажман за набавки и периодичниот преглед кога ќе се идентификуваат потенцијални влијанија врз човековите права. Доколку добавувачите не ги исполнат бараните стандарди, CAML може да ги раскине постојните ангажмани, да одбие обновување или да го исклучи добавувачот од идните тендерски процеси.

## 5. Проценка и управување со ризици

CAML е посветена на континуирано подобрување на своите практики за управување со ризиците поврзани со човековите права и модерното ропство. Ние ги вработуваме работниците директно и имаме увид во

нивната законска возраст во моментот на вработување. Преку нашите практики за вработување (поддржани од нашата Политика за луѓе/вработени), CAML осигурува дека сите вработени се на соодветна законска возраст за работа согласно национално пропишаните нивоа.

Спроведуваме редовни внатрешни ревизии, проценки на ризик и прегледи, вклучувајќи ја и обврската за спроведување на Проценка на влијанието врз човековите права (HRIA) во нашите оперативни ентитети на секои три години. Кога ќе се идентификуваат потенцијални проблеми — внатрешно или преку нашите синџири на снабдување — тие темелно се истражуваат и се преземаат соодветни мерки за ублажување или корекција.

Проценката HRIA вклучува првичен административен преглед (desktop review), по што следува посета на рудникот, која се состои од интервјуа со тимовите и раководството, како и ангажман со цел да се идентификуваат и ублажат ризичните области, но и да се подобри севкупниот пристап кон човековите права (вклучувајќи го модерното ропство) во нашите капацитети. Резултатите од овој двостепен процес се собираат во извештај, кој ги вклучува и наодите и препораките, кои потоа се споделуваат со нашите комитети. Во 2025 година, резултатите од HRIA од претходната година беа преточени во акционен план за подобрување заедно со раководителите на локациите, за имплементација од страна на соодветните тимови, и истиот подлежи на редовно следење на напредокот.

## 6. Механизми за поплаки и правна заштита (ремедијација)

CAML одржува доверливи механизми за пријавување достапни за вработените, изведувачите и добавувачите, вклучувајќи ја и нашата 24/7 анонимна телефонска линија за укажувачи, заедно со каналите за пријавување на самите рудници. Овие механизми овозможуваат пријавување на сомнежи за прекршувања (вклучувајќи и загриженост за модерно ропство) и поддржуваат истрага и решавање, без страв од одмазда.

Во текот на 2025 година, а понатаму и по препораките што произлегоа од HRIA, CAML изврши тестирање на својата телефонска линија за укажувачи, со цел да обезбеди уверување за нејзината функционалност и достапност. Понатаму, во текот на претходната финансиска година, CAML ги зајакна своите внатрешни механизми за поплаки преку развивање на рамката „Speak-Up" (Кажи гласно), која ќе биде целосно имплементирана, вклучително и воведена во рудниците, во текот на 2026 година.

## 7. Мерење на ефективноста преку клучни индикатори за перформанси (KPI)

CAML ја следи ефективноста на своите контроли за модерно ропство преку комбинација на управен надзор и метрика на успешност. Ваквото следење вклучува преглед на завршената длабинска анализа на добавувачите, функционирањето и користењето на механизмите за

поплаки, како и индикаторите за успешност во областа на човековите права вградени во клучните индикатори за перформанси (KPI) на високиот менаџмент и раководството. Успешноста во однос на човековите права е вклучена во рамките за наградување, вклучувајќи ги и нашите Планови за долгорочна стимулација (LTIP), поврзувајќи го однесувањето со нашите цели за нула злоупотреби на човековите права. Поширокиот учинок на Групацијата во однос на одржливоста, вклучувајќи ги и исходите за човековите права, се објавува годишно во нашиот Извештај за одржливост, во согласност со Глобалната иницијатива за известување (GRI).

За дополнително усогласување на добавувачите со нашите вредности, испраќаме писма до нашите топ 25 добавувачи според расходите, со кои ги информираме за мерките што сме ги презеле, го засилуваме нашиот цврст став против модерното ропство и ги покануваме да ги споделат нивните сопствени мерки, притоа нудејќи им поддршка за исполнување на нашите високи стандарди. Овој повик за акција обезбедува дополнителен форум за двонасочен ангажман на засегнатите страни, промовирајќи континуирано подобрување и споредбена анализа (benchmarking) во нашата индустрија.

**8. Обука за модерно ропство и трговија со луѓе**

CAML верува дека напорите за човековите права треба да се протегаат подалеку од пишаните политики. Затоа, обезбедуваме обука за вработените кај кои е проценет ризик во врска со ризиците од модерно ропство, со стремеж да се зголемува стапката на учество од година во година. Овие сесии ја подигнуваат свеста и обезбедуваат алатки за ефективно пријавување на загриженостите, притоа тестирајќи го разбирањето.

Изведувачите кои работат во рудниците исто така посетуваат обука за овие модули, било лично или преку дигитални презентации. Ова се завршува во групна средина, создавајќи форум за отворена дискусија, што пак го информира нашето разбирање за проблемите со кои се соочуваат нашите изведувачи во нивното сопствено работење. Ова го засилува нашиот пристап на нулта толеранција и поттикнува усвојување на слични стандарди низ сопствените синџири на снабдување на нашите добавувачи.

**9. Континуирано подобрување**

Во CAML, покрај рударството и преработката на минерали, негуваме култура на одговорност и почитување на човековите права во борбата против модерното ропство. Групацијата останува посветена на континуирано подобрување во согласност со развојот на регулаторните барања, очекувањата на засегнатите страни и најдобрите практики во индустријата.

Во 2025 година, CAML направи чекори напред во понатамошното подобрување на процесите и процедурите поврзани со корпоративното управување, зајакнување на системите за гласно пријавување на

ризиците од модерно ропство и зголемување на транспарентноста во нашите синџири на снабдување преку подобрување на мерките за детекција и проценка.

Продолжуваме да наоѓаме начини да осигураме дека нашите добавувачи, изведувачи и деловни партнери ги разбираат нашите очекувања и имаат вредности и принципи слични на нашите. Веруваме дека, со преземањето на овие чекори, продолжуваме да го даваме нашиот придонес за да осигураме дека модерното ропство не е присутно во нашето работење ниту во нашите глобални синџири на снабдување.

Оваа изјава е дадена согласно Член 54(1) од Законот за модерно ропство на Обединетото Кралство од 2015 година и се однесува на нашите акции и активности во текот на финансиската година која заврши на 31 декември 2025 година.

Одобрено од Одборот на директори на 18 мај 2026 година и потпишано на истиот ден од страна на:

**Ник Кларк (Nick Clarke)**

Претседател, Central Asia Metals plc

*Оваа изјава ќе се разгледува и ажурира на годишно ниво.*